РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св. Кирил и Методиј
Природно-математички факултет
Скопје
15-03-2016
02-894/8

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
бр. 12-211/2
15.03.2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 7. седница одржана на 29.02.2016 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Наставна географија" прв циклус студии на Природно математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Наставна географија" прв циклус студии на Природно математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран географ**, Научно - истражувачко подрачје: Природно математички науки, научно - истражувачко поле: Географија, научно - истражувачка област: Општа географија.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Природно математички факултет Скопје за организирање прв циклус студиска програма „Наставна географија", на 23.12.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави

предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 7. седница одржана на 29.02.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков